**Известување за обработката на личните податоци на кандидати за вработување, кандидати за стипендија (апликанти и добитници на стипендија) и практиканти во ОКТА АД-СКОПЈЕ**

## 1. Вовед

ОКТА АД-СКОПЈЕ (во натамошниот текст: „ОКТА”) ја почитува и вреднува приватноста на секој поединец, вклучувајќи ги и сите кандидати кои аплицираат за вработување (директно или преку Агенции за времено вработување), кандидати за стипендија и практиканти (во натамошниот текст: „кандидати”).

Во рамки на ова известување, поимот “практиканти” ги опфаќа сите лица кои реализираат практична настава, практикантска работа или стручен стаж во ОКТА, вклучително и ученици од средните училишта кои се упатуваат на пракса со склучен договор меѓу компанијата, ученикот и неговиот родител/старател. Ова Известување има за цел да ги информира кандидатите за начинот и целите на обработка на нивните лични податоци од страна на ОКТА, како и за принципите и правните основи што се применуваат при обработката на Вашите лични податоци во текот на процесот на регрутација, селекција и доделување стипендии.

ОКТА како контролор на Вашите лични податоци, ги обработува истите во согласност со најдобрите практики за заштита на приватноста особено во согласност со Законот за заштита на личните податоци (Службен Весник на РСМ бр. 42/20, 294/21 и 101/25) (натаму како: ЗЗЛП).

## 2. Одговорност за обработка на лични податоци (контролор на Вашите лични податоци)

ОКТА е одговорна за собирањето и обработката на Вашите лични податоци во процесот на регрутација, селекција и доделување стипендии во ОКТА.

## 3. Цели на обработката на лични податоци

**Вашите лични податоци се обработуваат за следниве цели:**

- Разгледување, анализа и оценка на поднесените апликации за конкретни работни позиции, практикантска работа, и доделување стипендии.
- Остварување и одржување на континуирана комуникација со кандидатите во текот на целиот процес на селекција.
- Верификација и обработка на доставените лични податоци и документи за потребите на избор и селекција на кандидатите, вклучително и прибирање на податоци од трети страни, доколку тоа е неопходно за целите на селекцијата.
- Идентификација и избор на најсоодветните кандидати за пополнување на отворените работни позиции, согласно однапред утврдени критериуми.
- Подготвување и склучување на договори за вработување, договори за практикантска работа, договори за доделување стипендии, како и спроведување на сите релевантни активности поврзани со процесот на селекција.
- Информирање на кандидатите за статусот на нивната апликација и за сите релевантни активности поврзани со процесот на селекција преку електронска пошта, телефонски повика или други соодветни канали за комуникација.
- За да постапиме по евентуални поплаки, барања, правни постапки во однос на овој процес и на резултатите од истиот во контекст на Вашата апликација.

**4. Начини на собирање на Вашите лични податоци**

ОКТА во рамките на процесот на регрутација и селекција, ги прибира и обработува Вашите лични податоци преку следните канали и извори:

- Директно од Вас, при доставување на Вашето професионално резиме (CV), мотивациско писмо или други релеватни документи преку електронска пошта или преку официјалните канали за аплицирање.
- Преку агенции и платформи за вработување, кога аплицирате на оглас за вработување, како и платформи за аплицирање за практикантска работа или стипендии.
- По пат на препораки од трети лица како Ваши професионални референти или поддржувачи на Вашата апликација, вклучително и контактирање на лицата кои сте ги навеле во Вашата апликација да дадат препорака за Вас.
- Од образовни институции или организации, ако Вашето име и контакт податоци се доставени како дел од програма за практикантска работа или стипендија
- Од поранешни и/или сегашни работодавачи за кои сте работеле (ако сте ги навеле да дадат препорака за Вас).
- Од други јавно достапни извори, како што се професионални профили на социјални мрежи (на пример LinkedIn).

**4. Лични податоци кои ги собира ОКТА**

Во различните етапи од процесот на регрутација, селекција, доделување практикантска работа или стипендија ОКТА собира и обработува различни категории на лични податоци од кандидатите.

Најчесто, се собираат и разгледуваат податоци кои доброволно ги доставувате од Ваша страна преку Вашето резиме, мотивациско писмо, апликација или други документи за одредена работна позиција, практикантска работа или стипендија. Во оваа фаза особено, Ваша одговорност е да осигурате дека податоците кои ги испраќате до нас како дел од Вашата апликација се точни, ажурирани, и целосни.

Во текот на селекцијата, вклучително и фазите на интервјуирање и финална евалуација, може да се приберат дополнителни информации за Вас, како од трети страни, на пример препораки од поранешни или тековни работодавачи, така и од јавно достапни извори, со цел подобра проценка на Вашата соодветност за работната позиција.

Категории на лични податоци кои се обработуваат во рамките на процесот на селекција:

- **Податоци за идентификација и контакт:** Име и презиме, контакт податоци (адреса, емаил и телефонски број), како и профил на социјални мрежи за професионално вмрежување (LinkedIn).
- **Податоци за Вашата стручна подготовка, квалификации и вештини:** Резиме (CV), академска историја, професионално искуство и работна историја, вештини и квалификации, учество на обуки, лични и професионални интереси, јазици кои ги зборувате, препораки за Вас како кандидат кои се дадени од лица кои работеле со Вас и/или за кои сте работеле, (други) податоци вклучени во Вашето резиме, мотивациско писмо, податоци собрани преку интервју и други процеси на оценување на Вашите

квалификации (прашалници, тестирање, итн.), како и сите други документи што ги доставувате како кандидат за вработување, практикант или кандидат за стипендија.

- **Податоци за здравствена состојба:** Информации за Вашата здравствена состојба доколку е потребно согласно законските прописи со цел оценување на Вашата работна способност да ги извршувате работите кои ги побарува работната позиција. Во овој случај, ОКТА нема да обработува посебни категории на лични податоци дури и кога истите се дадени без наше барање и/или ненамерно. ОКТА ќе ги избрише сите документи и извори на посебни категории на податоци кога нема правен основ да ги чува.
- **Податоци специфични за кандидати за стипендија:** националност, фотографија, копија од лична карта или пасош, диплома и потврда за детални оценки, уверение за упис, писмо за прифаќање на постдипломска студиска програма, писма со препораки од професори на универзитетот каде што кандидатите ги завршиле студиите, финансиски информации (доколку се потребни за доделување стипендија), потврди за запишување, како и други релевантни документи за учество во програмата за стипендии.
- **Други податоци:** податоци кои се доброволно дадени од Вас.

Вие немате законска или договорна обврска да ни ги обезбедите личните податоци за време на процесот за вработување, процесот за избор на практикант или процесот за добивање на стипендија. Сепак, доколку не ги доставите потребните податоци, тоа може да резултира во неможност од наша страна соодветно да ја оцениме Вашата апликација за целите на селекција на кандидати во ОКТА.

**5. Начин и цел на користење на Вашите лични податоци во ОКТА**

- За склучување и реализација на договор за вработување, договор за практикантска работа или договор за стипендија, како и за преземање на сите неопходни активности пред и по формализирање на договорниот однос со ОКТА, вклучително и постапување по Ваше барање во рамки на процесот на аплицирање.
- За исполнување на законски и договорни обврски: оваа обработка е неопходна за ОКТА да ги исполни своите законски и договорни обврски, како и да ги почитува релевантните законски прописи, вклучително и обврските за пријавување работен однос, стипендија или практикантска работа, како и за проценка на Вашата способност за извршување на работните задачи.
- За спроведување на процесот на селекција и оценување: администрирање на сите активности поврзани со селекцијата, интервјуирање, тестирање и избор на кандидати за вработување, практиканти или кандидати за стипендија.
- За комуникација и известување: воспоставување и одржување комуникација со кандидатите во текот на целиот процес на селекција, оценување и доделување на работна позиција, практикантска позиција или стипендија
- За заштита на легитимните интереси на ОКТА: за одговарање на барања и заштита на нашите интереси во правни спорови.

**6. Кога ни е потребна Ваша посебна согласност за обработка на личните податоци?**

Доколку Вашата апликација не резултира со склучување на соодветен договор, Вашите лични податоци и Вашето резиме може да се чуваат и обработуваат само врз основа на Ваша

согласност. Овие податоци може да се користат за идни можности за вработување, практикантска работа или за учество во нови процеси на селекција. Во секое време имате право да ја повлечете дадената согласност, а тоа нема да влијае на Вашата евентуална оценка како кандидат во иднина.

**7. Кој може да ги добие Вашите лични податоци? Дали и каде Вашите лични податоци ќе се пренесуваат?**

Вашите лични податоци може да бидат обработувани од страна на овластени лица во Сектор Човечки ресурси и доколку е потребно во анонимна форма да бидат доставени до Комисијата за евалуација.

ОКТА може да ги пренесе Вашите податоци до даватели на услуги кои обезбедуваат услуги поврзани со процесот на селекција, како на пример консултантски и професионални услуги за вработување и човечки ресурси, агенции и сервиси за вработување или други даватели на услуги, или образовни институции и организации кои учествуваат во програмите за практикантска работа или стипендии, секогаш во согласност со важечката законска рамка и врз основа на склучени договори и обврски за заштита на личните податоци.

Во одредени случаи, трети лица може да имаат пристап до Вашите лични податоци, но само ако тоа е неопходно за исполнување на целите за кои се собрани податоците. Пред да се откријат информации на трети страни, ОКТА обезбедува дека секој прималел е обврзан да почитува строги мерки на безбедност и доверливост.

Ние нема да ги споделуваме Вашите лични податоци со трети страни, освен со Ваша согласност или врз основа на барање од полиција, суд, или друга институција во постапка предвидена со закон.

**8. Пренос на личните податоци**

Личните податоци нема да се пренесуваат во трети држави надвор од Европската Унија, НАТО или Европскиот економски простор.

Во случаите кога ОКТА пренесува лични податоци во трети држави надвор од границите на Европската Унија, НАТО или Европскиот економски простор, преземаме соодветни мерки за да осигураме дека при преносот се применува соодветно ниво на заштита на личните податоци, преку склучување на договори за обработка на личните податоци (стандардните договорни клаузули издадени од Европската Комисија или од Агенцијата за заштита на личните податоци, други договорни клаузули или заштитни механизми).

**9. Колку долго ќе ги чуваме Вашите лични податоци?**

Личните податоци собрани во процесот на регрутација, практикантска работа или доделување на стипендија се чуваат за период што е неопходен за исполнување на целите за кои се обработуваат, согласно важечките закони и интерните политики на ОКТА.

За целите на вработување во ОКТА, доколку не сте избран кандидат за соодветното работно место за кое имате аплицирано, личните податоци собрани од Вашата апликација за вработување ќе се чуваат шест (6) месеци по завршувањето на процесот за вработување за кој сте аплицирале.

Доколку добиеме Ваша јасна и експлицитна согласност дека Вашите податоци собрани за целите на вработување во ОКТА може да ги чуваме и користиме подолго од овој рок, истите ќе ги чуваме и користиме за дополнителни шест (6) месеци по истекот на првите шест (6) месеци по завршувањето на процесот за вработување за кој сте аплицирале.

Личните податоци на практикантите и кандидатите за стипендија се чуваат не подолго од периодот што е неопходен за исполнување на целите за кои се обработуваат, односно најмногу 10 години по завршувањето или прекинот на стипендирањето/праксата, освен ако не постои друга законска обврска за подолг рок на чување. По истекот на овој период, податоците ќе бидат безбедно избришани или анонимизирани.

**10. Автоматизиран процес на одлучување, профилирање**

Вашите лични податоци нема да се користат за автоматско донесување одлуки, вклучително и профилирање, кое може да се очекува да произведе правно дејство или да има друго значајно влијание врз Вас.

**11. Кои се Вашите права во однос на заштита на личните податоци?**

Вие како субјекти на лични податоци ги имате следните права:

- Право да бидете информирани за обработката на Вашите личните податоци;
- Право на пристап до личните податоци и добивање на копија;
- Право на исправка и бришење на личните податоци ако се нецелосни и неточни, се обработуваат на незаконски начин и целта на нивна обработка е исполнета;
- Право на ограничување на обработката на личните податоци, ако ја оспорувате нивната точност за време кое е потребно да ја провериме нивната точност, обработката е незаконска, но се спротивставувате на нивно бришење и барате ограничување на нивната употреба, нема потреба да бидат повеќе зачувани од наша страна, но се потребни за остварување на Ваши правни барања, се спротивставувате на нивната обработка врз основа на наши легитимни интереси се додека не се потврди дека истите преовладуваат над Вашите интереси како субјект на лични податоци;
- Право на приговор за обработката на личните податоци кога тие се обработуваат врз основа на наш легитимен интерес;
- Право на преносливост на податоците, односно да ги добиете Вашите лични податоци во структуиран машински читлив формат или да бидат пренесени на друга компанија, а кои се обезбедени на автоматизиран начин, врз основа на договор или Ваша согласност.

**12. Како да ги остварите Вашите права во однос на заштитата на личните податоци и каде може да најдете повеќе информации?**

Доколку имате прашање, барање, или жалба во однос на обработката на Вашите лични податоци од страна на ОКТА, и/или во однос на Вашите права, Ве молиме да се обратите до нашиот Офицер за заштита на личните податоци, Марија Пешевска-Станишиќ, на следниот контакт телефон: 02 2532 150 и e-mail: MPeshevskaStanishikj@helpe.gr

Вие имате право да поднесете приговор до Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) против обработката на Вашите лични податоци доколку сметате дека ви е повредено правото на заштита на личните податоци. Ова право можете да го остварите преку поднесување на

Барање до АЗЛП, преку следниот контакт email: info@privacy.mk или со посета на нивната веб страна: https://dzlp.mk/prizlnlp.

## 13. Промена на Известувањето за обработката на личните податоци

ОКТА го задржува правото да го менува и ажурира ова Извесување за обработка на личните податоци кога тоа е потребно, а како резултат на законски, технички или промени поврзани со бизнис активностите.